Млад борец бр. 1445-46 год. 40
22. 03. 1984

# РЕЗУЛТАТИ ОД КОНКУРСОТ ЗА СТРИП

*Кочо Трајановски со „ЗЕБ", Лазо Плавевски со „Аквариум" и Игор Тошевски со „PS I LOVE YOU" се рамноправни победници на конкурсот за стрип на „Млад борец", издвојувајќи се од останатите учесници со високиот уметнички и современ израз. На Конкурсот за стрип се јавија триесетина автори со повеќе дела што ни од далеку не го исполни очекувањето на жирито и Редакцијата, имајќи ги предвид привлечноста на овој медиум за младите и потенцијалите од овој вид што постојат кај нас. Пристигнатите стрипови беа од најразлична природа, преку хумористични, сатирични, историски, филозофски, до футуристички и сите имаа одредено квалитетно ниво. На победниците и на сите учесници им честитаме и им порачуваме да се јават на следниот Конкурс за стрип на „Млад борец" со искрена надеж дека ќе имаат побројна и посилна конкуренција.*

*Жири комисијата во состав Мира Крајачиќ, Валентина Велевска и Александар Шољаковски одлучи наградата од 6.000 динари да биде рамноправно поделена меѓу Игор Тошевски, Лазо Плавевски и Кочо Трајановски.*




„P.S. I Love You" од Игор Тошевски




„Зеб" од Кочо Трајановски




„АКВАРИУМ-стрип за мали рипчиња" од Лазо Плавевски